ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.

Бр. 02 - 12/5

Прилеп 24.07.2025 год.

Врз основа на член 456 точка 5 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп доставува:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА

1.Тутунски комбинат АД Прилеп заради реализација на откуп на тутун, има потреба да склучи Анекс бр.1 на Договор за одобрување на рамковен револвинг лимит врз основа на договорен залог бр. 0902-40/2 од 07.02.2025г. склучен со НЛБ Банка АД Скопје и Анекс бр.1 Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право бр.08-2102-2/36 од 07.02.2025г. склучен со Комерцијална банка АД Скопје, со кои се одобрува износот на кредитот од 6.500.000,00 евра поединечно обезбеден од двете банки или вкупно 13.000.000,00 евра, да се зголеми за 2.000.000,00 евра поединечно од двете банки.
Со тоа вкупното задолжување на Друштвото кон Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје ќе биде 17.000.000,00 евра.

2.Задолжувањето на Друштвото со цитираните анекси бр.1 кон договорите за рамковен револвинг кредит-лимит (РРКЛ) врз основа на заложно право врз подвижен и недвижен имот и обезбедување со меници кај Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје, претставува зделка од голема вредност – 67% од книговодствената вредност на имотот по последната ревидирана завршна сметка и оваа зделка подлежи на правилата за одобрување на голема зделка според одредбите на Законот за трговските друштва и одредбите на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп

3.Предвид на горното Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп препорачува Собранието на акционери да ја одобри оваа зделка, но притоа потенцирајќи за правото на акционерите да не се согласат со предложената голема зделка, согласно одредбите од Законот за трговските друштва,

Тутунски комбинат АД Прилеп
Претседател на Одбор на директори
Сашко Вељаноски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7